# ООУ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ”
# ОПШТИНА КАРПОШ
# СКОПЈЕ

# СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ

## П О К А Н А

За доставување понуда на повторен јавен повик за избор на агенција за обезбедување имоти и лица во ООУ „Војдан Чернодрински“, Карпош-Скопје

ООУ ”Војдан Чернодрински” – Скопје, ул. Дрезденска бр. 3, Општина Карпош, има потреба од ангажирање на агенција за обезбедување која би давала услуга на обезбедување лица и имот кај корисникот на услугите, а со цел заштита на неговите ученици, вработени, како и целокупниот имот.

Ве молиме најдоцна до понеделник, 30.10.2023 година до 12:00 ч. во затворен плик да ја доставите Вашата најдобра понуда насловена до “Комисија за Обезбедување при Совет на родители ”Војдан Чернодрински” – Скопје, преку архивата на училиштето. Понуди доставени по електронски пат нема да се разгледуваат.

Општинското основно училиште дејствува како самостојно училиште во две смени, во него се воспитуваат и образуваат околу 500 ученици и има околу 50 вработени. Просторот што го зафаќа училиштето изнесува 6971 м2 и училишен двор од 3578 м2. Училиштето има и спортски игралишта, спортска сала со површина 500м2, фудбалско игралиште 700м2 и кошаркарско игралиште 300 м2.

1. Услугата која економскиот оператор ја дава, согласно Законот за приватно обезбедување е во форма на:

А) „Физичко обезбедување“ непосредно кај корисникот на услугата изразено како обезбедување на лица (живот, телесен интегритет) кое се врши заради нивна лична заштита и обезбедување на имот од пристап на неповикани лица, уништување, оштетување, противправно одземање, спречување на физички пресметки меѓу лицата што се обезбедуваат и други форми на штетни дејствија, што се врши од страна на работници за приватно обезбедување.

Потребата од обезбедување се однесува на 8 часа дневно, од 7:30ч до 15:30ч секој работен ден во тек на училишната година. Давателот на услуги е согласен да обезбеди физичко обезбедување со еден униформиран вработен обезбедувач со постојан ангажман кај корисникот на услугите, за целото времетраење на договорот. Исто така, давателот на услуги е согласен да назначи уште едно лице со истите квалификации и задолженија во својство на замена на постојано ангажираното лице (во случај на боледување или друго пократко непланирано отсуство) за цело времетраење на договорот. Во исклучителни ситуации, кога давателот на услуги не може услугата да ја покрие со некој од двајцата вработени,

ангажира друг униформиран работник. За секое од ангажираните лица давателот на услуги ќе го информира директорот на корисникот на услуги најмалку еден ден предходно и ќе достави контакт податоци.

2. Обврски на агенцијата за обезбедување:

- обезбедување на објектите, односно сите простории каде што корисникот на услуга ја врши својата регистрирана дејност,
- спречување на лица кои неовластено сакаат да влезат, да престојуваат и да се задржуваат во објектот на корисникотна услугата,
- отстранување на лица кои со своето присуство го попречуваат или го оневозможуваат нормалниот работен процес во објектот на корисникот на услугата,
- овозможување на непречено одвивање на наставниот процес,
- да го утврдува идентитетот на непознати лица и ако е потребно да ги оддалечуваат од објектите ако немаат основа за престој,
- да врши визуелен преглед и проверка на лица или возила по слободна проценка, заради спречување на внес на забранети средства, посебно оружје или други орудија и средства,
- да спречи изнесување на деловен имот кој се наоѓа во објектот или дворот,
- да отстрани сомнителни објекти кои можат да го оштетат или загрозат животот на учениците или вработените,
- да го запазува редот и однесувањето кои важат за учениците и вработените во училиштето,
- за настаната штета на објектот и училишниот двор што е под заштита, трошоците ги сноси работникот и агенцијата доколку се утврди вина на работникот што врши обезбедување,
- да присуствува на екскурзии доколку тоа го налага програмата за реализирање на настава на училиштето,
- да изготви месечен писмен извештај, потпишан и заверен од одговорно лице на агенцијата, за работните задачи кои се извршени во претходниот месец, како и за сите регистрирани инциденти, интервенции и неправилности,
- да не дозволува влез на неповикано лице, како и забрана на неовластено снимање или внесување на средства и опрема за таа намена во имотот што го обезбедува,
- задржување и предавање на полицијата лице затечено во вршење на кривично дело за кое се гони по службена должност до доаѓањето на полицијата,
- вршење постојана контрола во повеќе делови на училиштето (тоалети, училници, ходници и сл.) како и околу објектите и училишниот двор.
- лицата за обезбедување задолжително да бидат облечени во униформирана облека со ознака на агенцијата за обезбедување,
- евидентирање на лицата кои влегуваат и излегуваат.

Времетраењето на договорот ќе биде од денот на потпишување на договорот до крајот на учебната година 2023/2024 година, со исклучок на деновите од зимскиот распуст (30.12.2023-21.01.2024) и пролетниот распуст (29.04.2024-06.05.2024)

3.1. Информација за минималната потребна професионална способност и неопходна опрема и кадар за квалитетно извршување на услугите за обезбедување:

- Агенцијата за обезбедување да поседува дозвола за приватно обезбедување издадена од МВР на РСМ и да има најмалку 50 (педесет) вработени лица кои поседуваат лиценци и службени легитимации за обезбедување издадени од Комората на РСМ за приватно обезбедување на имот и лица,

- Агенцијата за обезбедување да има претходно искуство во извршување на овој вид на услуги за обезбедување во образовни институции,

- Вработените лица кои агенцијата за обезбедување планира да ги ангажира треба да бидат на возраст од 30-55 години.

3.2. Давателот на услуги го докажува исполнувањето на горенаведените услови со доставување на:

- Копија од дозвола за приватно обезбедување во вид на давање на услуги издадена од МВР на РСМ,

- Потврда за здружување во Комората на РСМ за приватно обезбедување на лица и имот,

- Копии од реализирани најмалку 2 (два) договори за физичко обезбедување во образовни институции во последните 3 години,

- Потпишана и заверена изјава со која давателот на услуги потврдува дека располага со најмалку 50 (педесет) вработени лица за обезбедување кои поседуваат лиценци за вршење работа за приватно обезбедување и службени легитимации издадени од Комората на РСМ за приватно обезбедување.

- Изјава со која давателот на услуги потврдува дека ќе именува и ангажира лице за обезбедување со постојан ангажман кај корисникот на услуги за целото времетраење на договорот, како и негова замена, на начин како што е предвидено во точка 1 и дека лицата кои ќе обезбедуваат ќе имаат валидна лиценца и легитимација и ќе бидат на возраст од 30-55 години.

# ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

ООУ ,,Војдан Чернодрински” - Скопје за кое се врши физичко обезбедување во период од понеделник до петок од 07:30 до 15:30 часот.

Месечна цена на чинење на услугата:________________________________

Месечно обезбедување на објектите и училишниот двор во училиштето секој работен ден во тек на училишната година (освен деновите од зимскиот распуст (30.12.2023-21.01.2024) и пролетниот распуст (29.04.2024-06.05.2024))

Предмет на набавка е физичко обезбедување на објектите и училишниот двор во училиштето сопственост на ООУ ,,Војдан Чернодрински” - Скопје и кое ќе се врши во период од понеделник до петок од 07:30 до 15:30 часот.

Начин на избор на најповолна понуда: Најниска месечна цена на чинење на услугата

Со почит,
Совет на родители при
ООУ Војдан Чернодрински Скопје

Скопје., 20.10.2023 година